Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 89/2022, 274/2022 и 208/24), и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 213/2024), Советот на Општина Ранковце, објавува

ЈАВЕН ПОВИК БРОЈ 3/2026
за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце

Советот на Општина Ранковце објавува јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце со седиште во с.Ранковце, Населено место без уличен систем, 1316 Општина Ранковце,.

Кандидатите за членови на Надзорниот одбор треба да ги исполнуваат следниве услови утврдени во Законот за јавни претпријатија:

- да е државјанин на РСМ;
- да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност; и

- да има содветно работно искуство и тоа најмалку пет години работно искуство од областа на финансиско работење;

Во прилог на Пријавата кандидатите како доказ за исполнување на условите за член на Управен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден Ранковце потребно е да ги достават следниве докази:

- уверение за државјанство на РСМ;
- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- потврда за евидентиран стаж од фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ;
- кратка биографија; и
- сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

Доказите треба да бидат доставени во хартиена форма во оригинал или копија

заверена на нотар.

Кандидатот поднесува пополнета Пријава на образец за пријавување на јавниот повик која е должен да ја пополни во целост, прецизно и со точни податоци и заедно со доказите во затворен коверт со напомена „Да не се отвара“ а со назнака за Јавен повик бр.3/2026 ја достави дирекно во Архивата на Општина Ранковце секој работен ден од 7:30 до 15:30 или со препорачана пратка по пошта на следнава адреса: Општина Ранковце, Населено место без уличен систем, 1316 Ранковце

Јавниот повик трае 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот на веб-страницата на Општина Ранковце, а постапката ќе се спроведе согласно Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите.

Некомплетните документи и документите доставени по истекот на рокот за пријавување нема да бидат разгледувани од страна на Комисијата.

Јавниот повик да се објави на веб-страницата на Општина Ранковце и во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр.09-1129/5
27.08.2026 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.